ТУТУНСКИ КОМБИНАТ АД ПРИЛЕП го објавува следниот:

# ЈАВЕН ПОВИК

## ЗА НАБАВКА НА УСЛУГА – ХОРИЗОНТАЛНА ОБРАБОТКА НА НЕОБРАБОТЕН ОРИЕНТАЛЕН ТУТУН ТИП "ПРИЛЕП" РЕКОЛТА 2024г. И РЕКОЛТА 2025г.

**Корисник:** Тутунски Комбинат АД Прилеп Погон Тутун со седиште на ул. Прилепски бранители бр.85, 7500 Прилеп.

**Предмет:** Склучување на договор за вршење на услуга,,меко сушење на необработен ориентален тутун и пакување од реколта 2024 година и реколта 2025 година со можност за продолжување на истиот договор со Анекс за уште една година односно реколта 2026 година."

**Количина:** Количината на испорачан необработен ориентален тутун во откупни класи-тип Прилеп ќе биде дополнително одредена во зависност од откупениот тутун од тековната реколта.

**Временски период на обработка:** 15.03.2025 – 15.06.2025 и 15.03.2026-15.06.2026

**Согласно потребите и стандардите на нашите партнери, понудата за вршење на услуга ,,меко сушење на необработен ориентален тутун и пакување да ги содржи следните процесни операции:**

- понудувачот да има обезбедено магацински простор за чување на необработен и обработен тутун во кругот на фабриката, за најмалку 2.000.000,00 кгр. тутун, со соодветно обезбедување (имотен лист како доказ),
- растоварање на минимум 4500 фармер бокс кутии на ден во простории на преработувачот во кругот на фабриката, со динамика во согласност со корисникот
- припрема на хармани според харманска листа од корисникот, хранење, кондиционирање, класификација-сортирање, распоредување, проверка (скрининг), отстранување на отпадоци, пикинг, софт драј (меко сушење) и пакување,
- понудувачот обработката на испорачаниот тутун да ја врши во свој капацитет, со инсталирана потребна технологија за меко сушење на тутун со ласерски сортирач на страни материи лоцирана на територијата на РСМ (документ за поседување на ласерски сортирач на страни материи како доказ),
- материјал за пакување-картонски кутии Ц48 и Ц96 и етикети-налепници со бар код за понатамошно проследување, по барање на корисникот,
- капацитет на дневна обработка од минимум 80 тони во двосменска работа (документ за капацитет како доказ),
- лабараториско тестирање за осигурување на квалитет и резултати во согласност со стандардите на крајниот потрошувач,
- сите извештаи за обработка според стандардите на крајниот потрошувач да бидат изработени и предадени на Тутунски комбинат АД Прилеп,
- СРА примероци треба да се предаваат на акредитирана лабараторија која ќе биде одредена во согласност со Тутунски комбинат АД Прилеп,
- складирање од растоварањето до подигањето од страна на крајниот купувач во кругот на фабриката,
- подготовка на готовиот производ (фумигација, феромонски стапици и сл.) во кругот на фабриката,
- товарање во просториите на преработувачот во кругот на фабриката,
- подготовка и товарење на употребени (празни) картони во кои ќе биде испорачан предметниот тутун од страна на обработувачот.

**Преработувачот да биде одговорен за:**

- спроведување на тестови за контрола на квалитетот во своите лаборатории, според опишаното во процедурата на крајниот потрошувач,
- спецификација за ерозија-одливање или губиток на тутунската маса при самиот процес на меко сушење
- спецификација за температури на обработка,
- спецификација за пакување
- тестирање на лист и нус производ
- справување со отпад

**Понудата да ги содржи следните документи:**

- Тековна состојба за правното лице - понудувач издадена од Централен регистар на РСМ не постара од 5 дена од денот на објавувањето на јавниот повик во јавното гласило.
- Потврда за платени даноци, придонеси и други јавни давачки од надлежен орган од земјата каде што правното лице-понудувач е регистриран не постаро од 6 месеци од објавувањето на јавниот повик во јавното гласило
- Изјава од правното лице –понудувач дека во последните пет години не му била изречена поравосилна пресуда за учество во злосторничка организација, корупција, измама или перење пари, привремена или трајна забрана за вршење дејност и забрана за учество на постапки за јавен повик, доделување на договори за јавна набавка и договори за јавно приватно партнерство,
- Изјава за сериозност на понудувачот – економски оператор или банкарска гаранција во износ од 5% од вредноста на понудата или депозит на сметката на Тутунски комбинат во износ од 5% од износот на понудата
- Референтна листа
- Доказ дека фирмата пет години го врши процесот ,,меко сушење на необработен ориентален тутун и пакување во своите капацитети во РСМ (изјава од одговорно лице дека фирмата пет години го врши процесот ,,меко сушење на необработен ориентален тутун и пакување во своите капацитети во РСМ')
- Изјава од понудувачот дека ги исполнува и ќе се придржува до сите горенаведени услови односно процесни операции.
- Документи како доказ за исполнување на горенаведените процесни операции (имотен лист, документ за капацитет и докумет за поседување на ласерски сортирач),
- Изјава од понудувачот за согласност со Драфт договорот кој претходно ќе им биде достапен на увид по нивно барање или на страната www.tkprilep.com.mk

Бараната документација се доставува во оригинал или копија со потпис и печат "Верно на оригиналот" издадено од овластено лице.

**Останати услови:.**

Плаќање 30 (триесет) дена од денот на издавање на фактурата.

**Критериум за избор на најповолна понуда**

Цена по нето килограм необработен тутун согласно бараните процесни операции искажани во --------- евра без вклучен ДДВ. (по среден курс на Народна банка на РСМ на денот на плаќање).

Понудите да бидат испратени во два плика и тоа, внатрешното плико да ги содржи називот и адресата на понудувачот, а на надворешното плико да стои називот и адресата на примачот со назнака **НЕ ОТВАРАЈ - ,,УСЛУГА – ХОРИЗОНТАЛНА ОБРАБОТКА НА НЕОБРАБОТЕН ОРИЕНТАЛЕН ТУТУН ТИП "ПРИЛЕП" РЕКОЛТА 2024г. И РЕКОЛТА 2025г.".**

Рок за доставување на понудите: 15.01.2025 год . до 10,00 часот во архивата на Тутунски Комбинат АД Прилеп на адреса ул. Прилепски бранители бр.85 Прилеп.

Отворањето на понудите ќе биде јавно на ден 15.01.2025 год во 10,00 часот во просториите на Тututнски Комбинат АД Прилеп по што ќе се пристапи кон јавно усно негативно наддавање.

Изборот на најповолна понуда ќе се изврши при самото отворање на понудите со усно јавно негативно наддавање, а почетната цена ќе биде најниската цена од доставените понуди.

Претставниците на понудувачите на денот на отворање на понудите со себе да носат и да достават заверено полномошно на нотар со наведено овластување за учество на јавно отворање на понудите и наведено овластување за учество на усно јавно негативно наддавање по однос на јавниот повик за набавка на услуга хоризонтална обработка на необработен ориентален тутун тип "Прилеп" реколта 2024г. и реколта 2025г.

За дополнителни информации понудувачите можат да се обратат во Тутунски Комбинат АД Прилеп.

**Лице за контакт:** Бранко Хронески тел. 078/403-780, е-маил: tutdir@tkprilep.com.mk
Александар Бозароски тел. 075/451-954 е маил: a.bozaroski@tkprilep.com.mk

**Тутунски комбинат АД Прилеп**